**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина**
**Бр.11-179/1**
**18.02.2026 година**
**Гевгелија**

# ИЗВЕШТАЈ

## За реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2025 година

### I. Вовед

Со Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2025 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.26/24, 10/25, 15/25 и 22/25), која се донесува согласно Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ” бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на РСМ” бр.174/21, 253/23, 224/24 и 135/25), беа предвидени голем број активности и проекти.

Програмата е донесена на седница на Советот на Општина Гевгелија, одржана на ден 26.12.2024 година, и е објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.26/24.

Измени и дополнување на Програмата се донесени на седници на Советот на Општина Гевгелија:
- одржана на ден 16.05.2025 година, објавени во „Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.10/25,
- одржана на ден 17.07.2025 година, објавени во „Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.15/25, и
- одржана на ден 14.11.2025 година, објавени во „Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/25.

Активностите за реализација на Програмата се одвиваа континуирано во текот на целата година, и реализирани се проекти во рамки на расположивите средства.

### II. Планирани приходи

За реализација на предвидените проекти со Програмата, беа предвидени следните извори на финансирање:

1. Трансфери и финансиска подршка од владини институции, и тоа од:

1.1. Јавно претпријатие за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици;

1.2. Биро за регионален развој;

1.3. Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој;

2. Надоместок за уредување на градежно земјиште;
3. Комунални такси;
4. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РСМ;
5. Средства од фондовите на ЕУ и други грантови.

Вкупно во Програмата беа планирани приходи во висина од 128.342.179,00 денари и истите беа искажани по програми и потпрограми и тоа:

| Р.бр | Програма | Потпрограма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| | J | | **Комунални дејности** | **<u>128.342.179,00</u>** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | Ј6 | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 2.017.056,00 |
| 2 | | ЈД | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 121.325.123,00 |
| 3 | | ЈФ | Изградба на сообраќајна сигнализација | 5.000.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ** | **128.342.179,00** |

Остварените приходи со конкретните износи се прикажани во Завршната сметка на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година.

## III. Реализирани проекти и расходи за нивна реализација

Остварените приходи, беа наменети за реализација на предвидените проекти во Програмата (Чл. III).

Во наредниот дел е даден преглед на сите планирани средства и реализирани проекти, поделени во повеќе програми и потпрограми:

### 1. Програма Ј6 - Одржување и заштита на општински патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај

| | Потпрограма | Конто | Опис | Планирано | Исплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ј6** | **Ј60** | | **ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ** | **2.017.056,00** | **2.017.056,00** |
| | | **424320<br>424390** | **Одржување на улици и патишта<br>Поправки и одржување** | | |
| | | • | Расчистување и одржување на општински патишта | | 89.031,00 |
| | | • | Вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација - набавка на сообраќајни знаци, ознаки и патокази | | 317.887,00 |
| | | • | Крпење на ударни дупки во Општина Гевгелија (договор 2023/24) | | 194.380,00 |
| | | • | Поставување на павер елементи и одржување на тротоари, патеки, станбени улици и други јавни површини | | 1.415.758,00 |

**Програма Ј6**

- За Расчистување и одржување на општински патишта на ЈПКД Комуналец Гевгелија од оваа потпрограма Ј60 исплатени се 89.031,00 денари.
- Врз основа на Договор од 2024 година за Изведба на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на улици и други јавни површини во Општина Гевгелија, склучен со ВИА СИГНАЛ ДООЕЛ Скопје, во текот на 2024/2025 година извршени се работи во вредност од 2.453.700,00 денари од кои од оваа потпрограма Ј60 исплатени се 317.887,00 денари, а од потпрограмата ЈФ0 – 2.135.817,00 денари.
- Врз основа на Договори од 2023 и 2024 за Крпење на ударни дупки во Општина Гевгелија, склучени со УРБАН ПАВЕР ДОО увоз-извоз Скопје, во текот на 2025 година изведени се работи во вредност од 2.679.869,00 денари, од кои од оваа потпрограма Ј60 исплатени се 194.380,00 денари, а од потпрограмата ЈД0 – 3.740.868,00 денари за изведени работи во периодот 2024/2025 година.
- Врз основа на Договор од 2024 година за Поставување на павер елементи и одржување на тротоари, патеки, станбени улици и други јавни површини во Општина Гевгелија, склучен со СТОУН ФОРМ ДООЕЛ увоз-извоз Гевгелија, во текот на 2025 година изведени са работи во вредност од 8.407.821,00 денари, од кои од оваа потпрограма Ј60 исплатени се 1.415.758,00 денари, од потпрограмата ЈД0 – 2.529.500,00 денари, а од потпрограма ФА0 – 4.462.563,00 денари.

**Од Програма Ј6 - Одржување и заштита на општински патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај, во текот на 2025 година, исплатени се вкупно 2.017.056,00 денари за изведени работи, набавка на стоки и извршени услуги од 2025 и претходни години.**

## 2. Програма ЈД- Изградба и реконструкција на општински патишта и улици

| | Потпрограма | Конто | Опис | Планирано | Исплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| ЈД | | | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | **121.325.123,00** | **115.086.533,00** |
| | ЈД0 | | **Изградба и реконструкција на општински патишта и улици** | **67.546.429,00** | |
| | ЈДА | | **Изградба на општински пат Конско-Серменин-Миравци** | **200.000,00** | |
| | ЈДЦ | | **Изградба на Заобиколен пат околу Гевгелија (Јужен Булевар)** | **200.000,00** | |
| | ЈДЕ | | **Реконструкција и рехабилитација на дел од „Булевар Гевгелија“ и надпатник над ул.„Железничка“ и железничка пруга** | **21.725.796,00** | |
| | ЈДФ | | **Изградба на улица „Новопланирана 7“ во блок 3.1 Гевгелија** | **489.578,00** | |
| | ЈДГ | | **Реконструкција на улица „Маршал Тито“ Гевгелија од ул.„Гевгелиски Партизански Одреди“ до ул.„Железничка“** | **16.163.320,00** | |
| | ЈДМ | | **Изградба на Кружна крстосница помеѓу „Булевар Гевгелија“, ул.„Вардарски Рид“ и ул.„Борис Кидрич“ на влезот во Гевгелија, со изградба на Мост над каналот „Рауљ“ и дислокација на дел од каналот под крстосницата** | **15.000.000,00** | |
| | | 482310 | **Подготвување на проекти** | | |
| | | • | Изработка на проектна документација | | 25.488,00 |
| | | 482120<br>482130<br>482230<br>482920 | **Изградба на улици и патишта**<br>**Реконструкција на улици и патишта**<br>**Реконструкција на мостови**<br>**Изградба на други објекти** | | |
| | | • | Изградба на Кружна крстосница помеѓу „Булевар Гевгелија“, ул.„Вардарски Рид“ и ул.„Борис Кидрич“ на влезот во Гевгелија, со изградба на Мост над каналот „Рауљ“ и дислокација на дел од каналот под крстосницата | | 30.054.424,00 |
| | | • | Реконструкција и рехабилитација на дел од „Булевар Гевгелија“ и надпатник над ул.„Железничка“ и железничка пруга во Гевгелија | | 23.614.463,00 |
| | | • | Изградба (продолжување) на „Булевар Гевгелија“ - Гевгелија (ул.„Свети Климент Охридски“) - IV фаза (Улично осветлување - нисконапонска мрежа) | | 2.000.000,00 |
| | | • | Бетонирање на улици во Општина Гевгелија (Договор 2024/2025) | | 11.586.204,00 |
| | | • | Рехабилитација на улици и општински патишта во Општина Гевгелија 2025 | | 8.545.696,00 |
| | | • | Изградба на улици (Договор 2024/2025) | | 5.924.795,00 |
| | | • | Рехабилитација на улици и општински патишта во Општина Гевгелија (Договор 2024/2025) | | 6.900.207,00 |
| | | • | Бетонирање на улици во Општина Гевгелија 2025 | | 5.227.748,00 |
| | | • | Поставување на павер елементи и одржување на тротоари, патеки, станбени улици и други јавни површини во Општина Гевгелија (Договор 2024/2025) | | 2.529.500,00 |
| | | • | Тековно одржување на улици и општински патишта (Договор 2024/2025) | | 5.382.111,00 |
| | | • | Крпење на ударни дупки во Општина Гевгелија | | 3.740.868,00 |
| | | • | Тековно одржување на улици и општински патишта (Договор 2023/2024) | | 1.151.497,00 |
| | | • | Изградба на ул.„Александар Бел“ Гевгелија – I фаза | | 2.054.829,00 |
| | | • | Изградба на сервисна улица „Павел Шатев“ во Општина Гевгелија | | 3.329.593,00 |
| | | • | Изградба на улици во Општина Гевгелија (Договор 2023/2024) | | 1.127.667,00 |
| | | • | Изградба на улица „Новопланирана 7“ во блок 3.1 Гевгелија | | 476.719,00 |
| | | • | Изработка на проектна документација | | 900.576,00 |
| | | 482940 | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | | |
| | | • | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | | 514.148,00 |

**Програма ЈД**

- За Изработка на проектна документација, од оваа потпрограма исплатени се вкупно 25.488,00 денари.
- За Изградба на Кружна крстосница помеѓу „Булевар Гевгелија“, ул.„Вардарски Рид“ и ул.„Борис Кидрич“ на влезот во Гевгелија, со изградба на Мост над каналот „Рауљ“ и дислокација на дел од каналот под крстосницата, склучен е Договор бр.03-229/1 од 11.02.2025 година, со ПЕЛАГОНИЈА - ТИРИЦ ДООЕЛ увоз - извоз Гевгелија, во вредност од 31.161.448,00 денари. Работите изведувани во текот на 2025 година се со вкупна вредност од 31.152.447,00 денари, од кои од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 30.054.424,00 денари. Изведени се следните работи:

| Изведени работи | | |
|---|---|---|
| Кружна крстосница помеѓу „Булевар Гевгелија“, ул.„Вардарски Рид“ и ул.„Борис Кидрич“ на влезот во Гевгелија | | |
| Дислокација на дел од канал „Рауљ“ на крстосница помеѓу Булевар Гевгелија, ул.Вардарски Рид и ул.Борис Кидрич на влезот во Гевгелија - Фаза 2 од стационажа 0+300 до 0+375,25 | | |
| Мост над канал „Рауљ“ на крстосница помеѓу Булевар Гевгелија, ул.Вардарски Рид и ул.Борис Кидрич на влезот во Гевгелија | | |

- За Реконструкција и рехабилитација на дел од „Булевар Гевгелија“ и надпатник над ул.„Железничка“ и железничка пруга во Гевгелија, склучен е Договор бр.03-181/1 од 27.01.2025 година, со ЛЕНДИ ГРУП ДООЕЛ Скопје, во вредност од 25.641.293,80 денари. Работите изведувани во текот на 2025 година, се со вкупна вредност од 23.614.463,00 денари, кои се исплатени од оваа потпрограма ЈД0. Изведени се следните работи:

| Изведени работи | м1 | м2 |
|---|---|---|
| Реконструкција и рехабилитација на дел од „Булевар Гевгелија“ и надпатник над ул.„Железничка“ и железничка пруга во Гевгелија | 643,00 | 6.270,00 |

- За Изградба (продолжување) на „Булевар Гевгелија“ - Гевгелија (ул.„Свети Климент Охридски“) - IV фаза (Улично осветлување - нисконапонска мрежа), склучен е Договор бр.03-639/1 од 16.04.2025 година, со ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт импорт Скопје, во вредност од 8.826.400,00 денари. Работите изведувани во текот на 2025 година, се со вкупна вредност од 4.966.632,00 денари, од кои од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 2.000.000,00 денари, а од потпрограма ЈА0 – 1.109.461,00 денари. Изведени се следните работи:

| Изведени работи | м1 | |
|---|---|---|
| Изградба (продолжување) на „Булевар Гевгелија“ - Гевгелија (ул.„Свети Климент Охридски“) - IV фаза (Улично осветлување - нисконапонска мрежа) | 1.395,00 | 38 столба 39 лед светилки |

- Врз основа на Договор од 2024 година за Бетонирање на улици во Општина Гевгелија (помали улици и краци, тротоари и пешачки патеки), склучен со ПЕЛАГОНИЈА – ТИРИЦ ДООЕЛ увоз - извоз Гевгелија, во текот на 2025 година изведени се работи со вредност од 6.446.001,00 денари. За работи изведени 2024/2025 од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 11.586.204,00 денари, а од потпрограма ФА0 – 220.916,00 денари. Изведени се следните работи:

| Изведени работи | м1 | м2 |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Улици и краци во с.Негорци | | 4.054,00 |
| Улица-крак во с.Богородица | | 408,00 |
| Улица-крак во Гевгелија | | 385,00 |
| Улици-краци 1, 2 и 3 во Миравци | | 776,12 |
| Улица-крак во Гевгелија | | 154,50 |

- За Рехабилитација на улици и општински патишта во Општина Гевгелија, склучен е Договор бр.03-760/1 од 14.05.2025 година, со БОНИ ИНТЕРГРАДБА ДОО увоз-извоз Струмица, во вредност од 9.159.661,50 денари. Работите изведувани во текот на 2025 година, се со вкупна вредност од 9.143.281,00 денари, од кои од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 8.545.696,00 денари, а од потпрограма ФА0 – 597.585,00 денари. Изведени се следните работи:

| Изведени работи | м1 | м2 |
|---|---|---|
| Улица во Негорци | | 4.760,71 |
| Улица во Давидово | | 2.997,54 |
| Крак на Булевар Гевгелија-(Трансбалкан) | | 676,50 |

- Врз основа на Договор од 2024 година за Изградба на улици во Општина Гевгелија, склучен со БИТЕМ ДООЕЛ Скопје, за работи изведувани во текот на 2025 година со вкупна вредност од 9.924.795,00 денари, од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 5.924.795,00 денари. Изведени се следните работи:

| Изведени работи | м1 | м2 |
|---|---|---|
| Ул.„Ѓоко Тутушев“ Гевгелија | 262,82 | 1.300,00 |
| Ул.„Вардарска“ Прдејци | 134,16 | 537,12 |
| Ул.„Браќа Миладинови“ Гевгелија | | 466,80 |
| Ул.„Елена Минчева“ (тампонски слој) | | |
| Изградба на ул.Сервисна 2, Станбена 3 и Пристапна 2, 2-2 и 3 | 776,58 | 2.316,81 |

- Врз основа на Договор од 2024 година за Рехабилитација на улици и општински патишта во Општина Гевгелија, склучен со БИТЕМ ДООЕЛ Скопје, за работи изведувани во текот на 2025 година со вкупна вредност од 6.900.207,00 денари, кои се исплатени од оваа потпрограма ЈД0. Изведени се следните работи:

| Изведени работи | м1 | м2 |
|---|---|---|
| Ул.„Сава Михајлов“ Гевгелија | | 2.089,43 |
| Ул.„Леонид Јанков“ Гевгелија | | 1.624,40 |
| Паркинг на ул.„Белградска“ Гевгелија | | 760,32 |
| Ул.„Браќа Миладинови“ Гевгелија | | 415,80 |
| Ул.„Елена Минчева“ Миравци | | 1.187,70 |
| Кошаркарско игралиште во Миравци | | 820,00 |

- За Бетонирање на помали улици и краци, тротоари и пешачки патеки во Општина Гевгелија, склучен е Договор бр.03-683/1 од 25.04.2025 година, со ПЕЛАГОНИЈА - ТИРИЦ ДООЕЛ увоз - извоз Гевгелија, во вредност од 16.520.000,00 денари. Работите изведувани во текот на 2025 година, се со вкупна вредност од 14.544.318,00 денари, од кои од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 5.227.748,00 денари, а од потпрограма ФА0 – 2.000.000,00 денари. Изведени се следните работи:

| Изведени работи | м1 | м2 |
|---|---|---|
| Улици во с.Прдејци | | 1.306,55 |
| Улици во с.Габрово | | 1.292,40 |
| Паркинг кај ДГ Детска радост | | |
| Касарна кај тениско игралиште | | |
| Улици во с.Негорци | | 1.015,19 |
| Улици во с.Миравци | | 1.285,14 |
| Улици кон црква во с.Мрзенци | | 1.718,55 |
| Улици во с.Ума | | 1.755,50 |
| Улица во с.Конско | | 624,45 |
| Улица во с.Смоквица | | 202,80 |
| Улици и тротоари во Гевгелија кај Сува река | | 1.304,15 |

- Врз основа на Договор од 2024 година за Поставување на павер елементи и одржување на тротоари, патеки, станбени улици и други јавни површини во Општина Гевгелија, склучен со СТОУН ФОРМ ДООЕЛ увоз-извоз Гевгелија, во текот на 2025 година изведени са работи во вредност од 8.407.821,00 денари, од кои од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 2.529.500,00 денари, од потпрограмата Ј60 - 1.415.758,00 денари, а од потпрограма ФА0 – 4.462.563,00 денари. Изведени се следните работи:

| Изведени работи | м1 | м2 |
|---|---|---|
| Тротоари и патеки на дел од ул.„Кожуф“, „Никола Карев“ и помеѓу „7-ми Ноември“ и „Гевгелиски парт.одр.“ | 307,82 | 752,19 |
| Тротоари и плато на ул.„Сава Михајлов“ Гевгелија | 211,60 | 1.382,10 |
| Тотоари ул„Илинденска“ Гевгелија | 75,90 | 177,00 |
| Тротоари и патеки на улици во О.Гевгелија | 53,60 | 461,47 |
| Тротоари на улица од Негорци кон Прдејци | 370,27 | 402,25 |

- Врз основа на договор од 2024 година за Тековно одржување на улици и општински патишта 2024/2025 година, склучен со ПЕЛАГОНИЈА - ТИРИЦ ДООЕЛ увоз - извоз Гевгелија, во текот на 2025 година изведени се работи во вредност од 4.588.607,00 денари, од кои од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се сите 5.382.111,00 денари за изведени работи во периодот 2024/2025 година. Изведени се следните работи:

| Изведени работи | м1 | м2 |
|---|---|---|
| Улица кај ДГ „Сончогледи“ до раскрсница со ул.„Кожуф“ Гевгелија | | |
| Ограда ДГ „Сончогледи“ Гевгелија | | |
| Улица во Негорци | | |
| Изградба на кружна крстосница - дислокација на инсталации и др | | |

- Врз основа на Договори од 2023 и 2024 за Крпење на ударни дупки во Општина Гевгелија, склучени со УРБАН ПАВЕР ДОО увоз-извоз Скопје, во текот на 2025 година изведени се работи во вредност од 2.679.869,00 денари, од кои од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 3.740.868,00 денари, а од потпрограмата Ј60 – 194.380,00 денари за изведени работи во периодот 2024/2025 година. Изведени се следните работи:

| **Изведени работи** | | |
|---|---|---|
| Крпење ударни дупки | 141 тони | |

- Врз основа на Договор од 2023 година за Тековно одржување на улици и општински патишта, склучен со ОБНОВА ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Гевгелија, за работи изведувани во текот на 2023/2024 година, од оваа потпрограма ЈД0 во 2025 година се исплатени 1.151.497,00 денари.
- Врз основа на Договор од 2021 година за Изградба на ул.„Александар Бел“ Гевгелија – I фаза, склучен со ЖИКОЛ ДООЕЛ експорт импорт Струмица, за работи изведувани во текот на 2021/2022 година, од оваа потпрограма ЈД0 во 2025 година се исплатени останатите 2.054.829,00 денари.
- Врз основа на Договор од 2024 година за Изградба на сервисна улица „Павел Шатев“ во Општина Гевгелија, склучен со изведувачот „ЕУРОИНГ“ ДОО Гевгелија, за работите изведувани во текот на 2024 година, од оваа потпрограма ЈД0 во 2025 година се исплатени 3.329.593,00 денари.
- Врз основа на Договор од 2023 година за Изградба на улици во Општина Гевгелија, склучен со ЕУРО ИНГ Доо Гевгелија, за работи изведувани во текот на 2024 година, од оваа потпрограма ЈД0 во 2025 година се исплатени 1.127.667,00 денари.
- За Изградба на улица „Новопланирана 7“ во блок 3.1 Гевгелија, склучен е Договор бр.03-1439/1 од 28.10.2025 година, со ПЕЛАГОНИЈА - ТИРИЦ ДООЕЛ увоз - извоз Гевгелија, во вредност од 2.383.596,70 денари. Работите се започнати на крајот на 2025 година, а од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 476.719,00 денари.
- За Изработка на проектна документација, од оваа потпрограма исплатени се вкупно 900.576,00 денари.
- За Надзор над изградба и реконструкција на објекти, од оваа потпрограма исплатени се вкупно 514.148,00 денари.
- За Изградба на улица „Новопланирана индустриска 2”, Општина Гевгелија, склучен со ЖИКОЛ ДООЕЛ експорт импорт Струмица, во текот на 2025 година работите во вредност од 5.561.403,00 денари се целосно завршени но не е извршено плаќање. Изведени се следните работи:

| **Изведени работи** | **м1** | **м2** |
|---|---|---|
| Изградба на улица „Новопланирана индустриска 2” | 426,43 | 3.352,30 |

- За Реконструкција на улица „Маршал Тито“ Гевгелија од ул.„Гевгелиски Партизански Одреди“ до ул.„Железничка“, склучен е договор со ЖИКОЛ ДООЕЛ експорт импорт Струмица, бр.03-1578/1 од 25.11.2025 година, со вредност од 82.596.823,42 денари. Средствата се предвидени од оваа програма ЈД но до крајот на 2025 година не е започната изведбата и нема исплата.
- За Реконструкција на главна улица во с.Моин, реконструкција на улица „Атанас Ѓуров“ во с.Прдејци и реконструкција на улица „Иван Марков Братот“ во с.Богородица, општина Гевгелија, во постапка спроведена од Министерството за Транспорт Скопје, склучен е договор со ДПТУ ОСД Кирил Дооел

експорт-импорт Штип, со вредност од 24.528.511,32 денари. Работите ќе се реализираат во текот 2026 година и Општина Гевгелија по овој договор нема обврски за плаќање.

**Од Програма ЈД, за изградба и реконструкција на улици и патишта, во текот на 2025 година, исплатени се вкупно 115.086.533,00 денари за изведени работи од 2025 и од претходни години.**

## 3. Програма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација

| | Потпрограма | Конто | Опис | Планирано | Исплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| ЈФ | ЈФ0 | | Изградба на сообраќајна сигнализација | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| | | 482920 | **Изградба и поставување на сообраќајна сигнализација Изградба на други објекти** | | **4.900.840,00** |
| | | • | Вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација - набавка на сообраќајни знаци, ознаки и патокази | | 2.135.817,00 |
| | | • | Изведба на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на дел од „Булевар Гевгелија“ и надпатник на ул.„Железничка“ и кружна крстосница помеѓу „Булевар Гевгелија“, ул. „Вардарски Рид“ и ул.„Борис Кидрич“ на влезот во Гевгелија | | 685.000,00 |
| | | • | Обнова (реконструкција) на светлосна сигнализација за регулирање на сообраќај на крстосница „Булевар Гевгелија“ – ул.„Деко Ковачев“ и крстосница ул.„Ристо Фаршинин“ - ул.„Мирче Ацев“ - ул.„Рајко Жинзифов“ ул.„Илинденска“ во Гевгелија | | 2.080.027,00 |
| | | 482940 | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | | **99.160,00** |
| | | • | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | | 99.160,00 |

**Програма ЈФ**

- Врз основа на Договор од 2024 година за Изведба на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на улици и други јавни површини во Општина Гевгелија, склучен со ВИА СИГНАЛ ДООЕЛ Скопје, во текот на 2024/2025 година извршени се работи во вредност од 2.453.700,00 денари од кои од оваа потпрограма ЈФ0 исплатени се 2.135.817,00 денари, а од потпрограмата Ј60 – 317.887,00 денари. Изведено е:

| Изведени работи | | |
|---|---|---|
| Изведба на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на улици и други јавни површини во Општина Гевгелија | | |

- За Изведба на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на дел од „Булевар Гевгелија“ и надпатник на ул.„Железничка“ и кружна крстосница помеѓу „Булевар Гевгелија“, ул. „Вардарски Рид“ и ул.„Борис Кидрич“ на влезот во Гевгелија, склучен е Договор бр.03-1147/1 од 30.07.2025 година, со ВИА СИГНАЛ ДООЕЛ Скопје. Работите се изведувани во текот на 2025 година со вкупна вредност од 685.000,00 денари, кои се целосно исплатени од оваа потпрограма ЈФ0. Изведени се следните работи:

| Изведени работи | | |
|---|---|---|
| Изведба на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација | | |

- За Обнова (реконструкција) на светлосна сигнализација за регулирање на сообраќај на крстосница „Булевар Гевгелија“ – ул.„Деко Ковачев“ и крстосница ул.„Ристо Фаршинин“ - ул.„Мирче Ацев“ - ул.„Рајко Жинзифов“ ул.„Илинденска“ во Гевгелија, склучен е Договор бр.03-1094/1 од 18.07.2025

година, со ЕЛЕКТРА ГРУП ДООЕЛ Скопје, во вредност од 5.109.164,00 денари. Работите се изведувани во текот на 2025 година, се со вкупна вредност од 5.109.164,00 денари, од кои од оваа потпрограма ЈФ0 во 2025 година исплатени се 2.080.027,00 денари. Изведени се следните работи:

| Изведени работи | | |
|---|---|---|
| Обнова (реконструкција) на светлосна сигнализација на крстосница „Булевар Гевгелија“ – ул.„Деко Ковачев“ | | |
| Обнова (реконструкција) на светлосна сигнализација на крстосница ул.„Ристо Фаршинин“ - ул.„Мирче Ацев“ - ул.„Рајко Жинзифов“ ул.„Илинденска“ | | |

- За Надзор над изградба и реконструкција на објекти, од оваа потпрограма исплатени се вкупно 99.160,00 денари.

**Од Програма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација, во текот на 2025 година, исплатени се вкупно 5.000.000,00 денари.**

## IV. Рекапитулација на расходите за 2025 година

Во табелата е дадена рекапитулација на планираните и исплатените средства во 2025 година:

| Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | Планирано | Исплатено во 2025[1] |
|---|---|---|---|
| | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | | |
| **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 2.017.056,00 | 2.017.056,00 |
| **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 121.325.123,00 | 115.086.533,00 |
| **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **128.342.179,00** | **122.103.589,00** |

## V. Споредба на реализација на Програмата 2024/2025 година

Реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2025 година, во однос на реализацијата на програмата за 2024 година, е следна:

| | | 2024 | | 2025 | |
|---|---|---|---|---|---|
| Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | Планирано | Планирано | Планирано | Исплатено |
| | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | | | | |
| **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 4.450.000,00 | 4.450.000,00 | 2.017.056,00 | 2.017.056,00 |
| **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 21.100.000,00 | 21.100.000,00 | 121.325.123,00 | 115.086.533,00 |
| **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 3.300.000,00 | 3.300.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **28.850.000,00** | **28.850.000,00** | **128.342.179,00** | **122.103.589,00** |
| | **Процент на реализација на програмата (планирано/исплатено)** | | 100 % | | 95,14 % |

[1] Во вкупната сума „Исплатено во 2025“, влегуваат сите исплати во текот на годината, вклучително и исплатите за реализирани работи од претходните години

## VI. Заклучок

За реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2025 година, од планираните 128.342.179,00 денари, исплатени се вкупно 122.103.589,00 денари, што претставува 95,14% реализација на програмата во однос на планираните средства.

Нереализираните проекти се предвидени во Програмата за 2026 година и нивната реализација, продолжува континуирано во текот на 2026 година, како и исплата на веќе извршените работи.

Сектор за урбанизам, комунални работи
и заштита на животната средина
Одделение за комунални работи
Раководител
**Здравко Николов, ср**